Реден број на прилогот:15

Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**ЕКО ГРАДИНАРСТВО**			
2.	Код	**ФЗНХ 35**			
3.	Студиска програма	**Агроекологија**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Втора година; IV семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**6**
8.	Наставник	**Проф. д-р Рукие Агич**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Пожелни се претходни општи предзнаења од градинарство, екологија, ентомологија, фитопатологија. Пристап до интернет и до стручни и научни списанија			

10.	**Цели на предметната програма (компетенции):** Запознавање со продукционите системи кај градинарските култури кои се базираат на специфични и прецизни стандарди на продукција кои се, еколошки, социјално и економски одржливи. Добивање на основни знаења за концептот и принципите на органското земјоделство и потребите од негов развој во ланецот на продукциониот систем. Стекнување знаење за современите трендови на органско производство на зеленчук со примена на алтернативни технологии и стандарди во разни облици на заштитени простори и на отворено, земјаќи ги во предвид основните принципи за органско производство, а се со цел континуирано снабдување на пазарот со свеж и квалитетен зеленчук, зголемување на безбедноста на храната во поглед на здравјето на човекот и надворешната средина. Стекнување основни вештини за планирање и дизајнирње на органски производен циклус и имплементација на стандарди и техники во менаџирање на органското производството кај градинарските култури.
11.	**Содржина на предметната програма:** Дефиниција, значење и развојни правци на органско производство. Повеќефунционалноста на органското земјоделство: еколошки, социолошки аспекти, биолошка разновидност, влијание на животната средина. Основни принципи, развој и спроеведување на агроеколошките мерки. Разлики меѓу конвенционално, интегрално и органско производство на зеленчук и конверзија кон органска градинарска фарма. Принципите на органско земјоделие. Запознавање со производството на органски зеленчук во Светот и кај нас. Специфичности на органско одгледување на зеленчук во отворен и заштитен простор. Избор на локација за производство, избор на семенски и саден материјал во органско градинарско производство. Ротационен дизајн во органски градинарски системи. Култивирање со примена на интеркропинг и здружени култури. Употреба на органски ѓубрива, компост, зелено ѓубрење и покривни растенија во градинарско производство. Превентивни и куративни методи во менаџмент на болести, штетници и плевели кај градинарските култури. Регулативи, контрола и сертификација во органско производство. Берба и чување на органски зеленчук. Маркетинг на органски зеленчук. Технологија на органско култивирање кај поважните коренови градинарски култури Технологија на органско култивирање кај поважните луковичести градинарски култури. Технологија на органско култивирање кај поважните лисностеблени градинарски култури. Технологија на органско култивирање кај поважните плодови градинарски култури. Технологија на органско култивирање кај поважните повеќегодишни градинарски и зачински култури.
12.	Методи на учење: Наставата ќе се реализира со теоретски предавања целосно покриени со Power Point и видео презентации, ќе се практикуваат дискусии, изработка на групни или индивидуални семинарски работи, студии на случај, консултации, гостин на предавања, одбрана на проектна задача итн. Вежбите ќе бидат аудиториски, лабораториски и теренски. Ќе се практикуваат форуми, дискусии, и консултации.

13.	Вкупен расположлив фонд на време			**6 ЕКТС x 30 часови = 180 часови**	
14.	Распределба на расположливото време			**45+30+105 = 180 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**	
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	**45**	часови
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски, теренски), семинари, тимска работа	**30**	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови

		16.3	Домашно учење	**65**			часови
17.	Начин на оценување						
	17.1	Тестови		**60**			бодови
	17.2	Семинарска работа/проект (презентација: писмена и усна)		**10**			бодови
	17.3	Активност и учество		**30**			бодови
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		**до 50 бода**	**5**	**(пет)**	**(F)**	
			од 51 бода до 60 бода	**6**	**(шест)**	**(E)**	
			од 61 бода до 70 бода	**7**	**(седум)**	**(D)**	
			од 71 бода до 80 бода	**8**	**(осум)**	**(C)**	
			од 81 бода до 90 бода	**9**	**(девет)**	**(B)**	
			од 91 бода до 100 бода	**10**	**(десет)**	**(A)**	
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит						
20.	Јазик на кој се изведува наставата		**Македонски**				
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		**Анонимна анкета на студентите**				
22.	Литература						

22.1 Задолжителна литература

Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
1.	Рукие Агич	Екоградинарство (авторизирана скрипта) стр. 178		
2.	Branka Lazić, Zoran Ilić, Mihal Đurovka	Organska proizvodnja povrca	Centar za organsku proizvodnju, Selenča Univerzitet EDUKONS, Sremska Kamenica, Novi Sad	2013
3.	Branka Lazić	Organsko povrtarstvo	Zaduzbina Andrejevic	2011
4.	Branka Lazic i dr.	Organska poljoprivreda	Poljoprivredni Fakultet, Novi Sad	2008
5.	Snezana Ognjenovic	Organska basta	Beokniga, Beograd	2004
6.	Greer L., Diver S.	Organic greenhouse vegetable production	Attra	2000
7.	Vernon P. Grubinger,	Sustainable Vegetable production From Start up to Market,	NRAES,	1999
8.				
9.				

22.2 Дополнителна литература

Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Vicenzo Vacande	Handbook of Pest Management in organic farming	CABI	2017
2.	Snezana Ognjenovic	Basta za pocetnike	Curent, Beograd	2015
3.	Northeast Organic Farming Associacion	The Real Dirt: Farmers tell about organic and low input practices in the Northeast,	NOFA	1994
4.	Група автори	Водичи за органско производство на некои градинарски култури	во издание на МЗШВ	2007